Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при.КИРМ), постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-1958/4 од 25.05.2011 година на Министерот за правда, по одржан главен претрес на ден 15.06.2011 година, го донесе следното

РЕШЕНИЕ

I.

**СЕ УТВРДУВА** дека извршител В.М. од Скопје именувана за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје не сторил дисциплинска повреда

Со тоа што:

Извршителот на ден 16.05.2011 година од својата посебна сметка на својата редовна сметка префрлил сума на име цена на извршни дејствија, цена на администрирање и награда во вкупен износ од 273.494,00 денари, и извршителот понатаму продолжил да ги чува остатокот од средства на својата посебна сметка без да ги распредели средствата на доверителите, а кои се врз основа на реализирани предмети И.бр.199/11 и И.бр.200/11, по датумот 17.05.2011 година, наведен во Решението за одлагање ППНИ.бр.339/11 како датум од кој се смета одлагањето на извршувањето по предметите И.бр.199/11 и И.бр.200/11

со што би сторил дисциплинска повреда по член 54-д став 1 алинеја 11 од Закон за извршување„незаконито располага со материјалните средства што извршителот ги прибавил во текот на извршувањето".

II.

**СЕ УТВРДУВА** дека извршител В.М. од Скопје именувана за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје не сторил дисциплинска повреда

**Со тоа што:**

Извршителот примил Решение на Претседател на Основен суд Скопје 2 Скопје ППНИ.бр.339/11 од 17.05.2011 година, со кое извршувањето се одлага за 60 дена, но сепак продолжил да ги чува средствата реализирани од сметката на должникот, на својата посебна сметка со што му оневозможил на должникот да ги користи и да располага со нив, односно извршителот парите од реализираните исправи ги чувал подолго од законскиот рок од 15 дена како предвиденото во член 35 ст.4 од ЗИ

со што би сторил дисциплинска повреда по член 54-д став 1 алинеја 2 од Закон за извршување „ не постапува по одлуките на судовите".

III.

**СЕ 0ГЛАСУВА** за **виновен** Извршител В.М. од С.,. Имеувана за подрачјето на Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје, за сторена дисциплинска повреда по член 54-д став 1 алинеја 5 од Закон за извршување

**ЗАТОА ШТО:**

Извршителот В.М. вршејќи ја должноста по предмет И.бр. 199/11, без да прими барање за извршување од доверителот Г.М.Ш., спроведувајќи барање за извршување од доверителот Т. Е. од С., реализирајќи извршна исправа Решение ВПП.бр.251/09 и I ВПП.бр.55/07 од 31.05.2010 година на Основен суд Скопје 2 Скопје и Решение ГЖ.бр.5689/10 од 04.03.2011 година на Апелациониот суд во Скопје, извршителот наложил и спровел на име трошоци на постапка износ од 43.180,00 денари досудени на доверителот Г.М.Ш. иако таа не поднела барање за извршување до извршителот, што е спротивно на чл. 2 и чл 27 ст. 1 од Законот за извршување, со кои дејствија извршителот сторил дисциплинска повреда од член 54-д став 1 алинеа 5 од Закон за извршување „при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон", па за сторената дисциплинска повреда, со примена на правилата на кривична постапка за ублажување на казната **И СЕ ИЗРЕКУВА** дисциплинска мерка парична казна во износ од 1.500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на исплата.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Извршител В.М. од С. утврдената парична казна да ја плати во рок од 15 дена од приемот на одлука.

***Образложение***

Министерот за правда на ден 27.05.2011 година достави до Дисциплинската Комисија при КИРМ Предлог за поведување на дисциплинска постапка против извршител В.М. од С., врз основа на извештајот на Министерство за правда УПП бр. 09- 1958/6 година, за извршен вонреден надзор над работењето на извршителот спроведен на ден 17.05.2011 година, од страна на Секторот за надзор над работата на извршителите, нотарите и медијаторите, со увид во предмет И.бр. 199/11 и предмет И.бр.200/11.

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка против извршител е поднесен со наводи кои го товарат извршителот дека при постапување по свој предмет И.бр. 199/11 и предмет И.бр.200/11, на ден 05.05.2011 година реализирајќи извршна исправа против должник Општина Ѓорче Петров Скопје со Налог за извршување по чл. 202 од ЗИ И.бр.199/11 и Налог за извршување по чл. 202 од ЗИ И.бр.200/1, издадени на ден 05.05.2011 година, од сметката на должникот кај носител на платен промет, на посебната сметка на извршителот префрлил парични средства во износ на 10.218.217,00 денари. На ден ... година извршителот примил предлог за одлагање на извршување кој должникот го поднел до судот, извршителот на ден ... година од својата посебна сметка на својата редовна сметка префрлил сума на име цена на извршни дејствија, цена на администрирање и награда во вкупен износ од 273.494,00 денари со што предлагачот смета дека е сторена повреда на чл.46 од ЗИ, и постапил спротивно на чл.5 став 7 од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работа на извршителите, како и дека извршителот сторил повреда што понатаму продолжил да ги чува остатокот од

средства на својата посебна сметка без да ги распредели средствата на доверителите со што сторил повреда по чл. 54-д ст 1 алинеа 11 од Законот за изршување незаконито располага со материјалните средства што извршителот ги прибавип во текот на извршувањето". Понатаму, во предлогот се наведува дека извршителот примил решение на Претседател на Основен суд Скопје 2 Скопје, со кое извршувањето се одлага за 60 дена, но сепак извршителот продолжил да ги чува средствата на својата посебна сметка со што му оневозможил на должникот да ги користи и да располага со нив, односно извршителот спротивно на член 35 ст. 4 од ЗИ парите од реализираните исправи може да ги чува само 15 дена со што извршителот сторил повреда на чл. 54-д став 1 алинеа 2 од Законот за извршување „ не постапува по одлуките на судовите".

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, го товари извршителот и со наводи дека постапувајќи по предмет И.бр. 199/11 започнал и спровел извршување на трошоци на постапката кои на лицето Г.М.Ш. и биле досудени со Решение ВПП.бр.251/09 и I ВПП.бр.55/07 од 31.05.2010 година на Основен суд Скопје 2 Скопје и Решение ГЖ.бр.5689/10 од 04.03.2011 година на Апелациониот суд во Скопје, иако немал барање за извршување од доверителот Г.М.Ш. за наплата на трошоци на постапка, сепак извршителот спроведувајќи извршување врз основа на барање за извршување од доверителот Т.Е. од С., реализирајќи ја извршната исправа, издал налог наложил со кој спровел извршување на име трошоци на постапка во износ од 43.180,00 денари досудени на доверителот Г.М.Ш. иако таа не поднела барање за извршување до извршителот, што е спротивно на чл. 2 и чл 27 ст. 1 од ЗИ па со што е сторена повреда по чл. 54-д став 1 алинеа 5 од ЗИ „при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон". Па предлагачот предлага да му се изрече на извршителот дисциплинска мерка трајно одземање на правото на вршење на должност извршител за сторена дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеја 2, член 54-д став 1 алинеја 5 и член 54-д став 1 алинеја 11 од Законот за извршување.

Во своја одбрана извршителот истакна дека во конкретниот случај извршителот ги запознал и доверителите и должникот дека паричните средства на посебната сметка на извршителот ќе бидат чувани од страна на извршителот се до окончување на постапката по жалба поднесена до Апелациониот суд Скопје против Решението ППНИ.бр. 339/11 со кое се одлага извршувањето за период од 60 дена. Извршителот изјави дека средствата кои се префрлени на име цена на администрирање на предмет, цена на извршни трошоци и награда се наплатени со оглед да извршителот ја реализирал извршната исправа во целост пред добивање на Решението на претседателот на судот за одлагање. Во однос наводите од Предлогот за спроведување на извршување без барање за извршување од Г.М.Ш., извршителот наведе дека поседува полномошно во предмет од адвокат Н. Ч. од С. со кое ја ополномоштува адвокат М.И.Б. од С. да поднесе барање за извршување на процесни трошоци, па извршителот наведе дека има сторено превид и не приметил дека во Барањето од доверител Т.Е. од С., наведено е и процесните трошоци досудени на Г.М.Ш. да се исплатат на адвокат Н. Ч. од С., па со оглед да паричните средства сеуште се наоѓаат на посебната сметка, по исходот од жалбата односно по истекот на рокот од 60 дена, извршителот изјави дека има намера да ги врати на должникот, појаснувајќи дека можеби до ваков превид е дојдено и од причина што во дополнителни списи евидира и генерално полномошно за покренување на оставинска

постапка и други дејствија од лицето Г.М.Ш. на име полномошник адвокат Н.Ч. од С. Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 15.06.2011 година, ги дозоли и изведе предложените докази, со читање на: Извештај за извршен надзор на Министерството за правда УПП.бр.09-1958/3 од 25.05.2011 година; Решение ППНИ.бр.339/11 од 17.05.2011 година на Претседател на Основен суд Скопје 2 Скопје; Барање за спроведување на извршување И.бр.200/11 од 16.05.2011 г; Полномошно од 04.05.2011 на име адвокат М.И.Б. од С.; Полномошно од адвокат Ч.Н. за адвокат М.И. Б. од С.; Решение ВПП.бр. 251/09 и ВПП. Бр. 55/07 на Основен суд Скопје 2 Скопје од 31.05.201 Ог; Решение на Апелационен суд ГЖ 5689/10 од 04.03.2011 год.; Налог за извршување И.бр.199/11 по чл. 202 од ЗИ, од 05.05.2011 год. на извршител В.М. од С.; Доставница И.бр. 199/11 од 06.05.2011 за достава на Налог за извршување И.бр. 199/11 до НБРМ; Доставница И.бр.199/11 од 10.05.2011 за достава на Налог за извршување И.бр. 199/11 до О. Ѓ. П.; Доставница И.бр. 199/11 и И. бр.200/11 од 17.05.2011 за достава на Решение ППНИ. бр. 339/11 до О. Ѓ. П.; Барање за извршување И.бр.200/11 од 05.05.2011 од Д.Е. преку адвокат М.И. Б. од С.; Решение ГЖ. бр. 5689/10 од 04.03.2011 година на АС Скопје; Налогза извршување И.бр.200/11 од 05.05.2011 на изв. В.М. од С.; Доставница И.бр.200/11 од 06.05.2011 за достава на Налог за извршување И.бр 200/11 до НБРМ; Доставница И.бр.200/11 од 10.05.2011 за достава на Налог за извршување И.бр.200/11 до О. Ѓ.П.; Предлог за одлагање на извршување до ОС Скопје од должник О.Ѓ.П.; Доставница за лична достава од ОС Скопје 2 Скопје за достава на Предлог за одлагање на извршување до извршител В.М. од 13.05.2011 година; Решение ДН бр. 19-08-977/2-04 на Министер за финансии преку Комисија за одлучување по барања за денационализација од ден 14.02.2007 г; Решение на Влада на РМ Уп.бр.44-488 од 13.07.2009 год; Одговор на Предлог за одлагање на извршување од извршител В.М. од 16.05.2011 год; Извод за промени и состојба на посебна сметка на извршител В.М. за ден 13.05.2011, бр.95; Извод за промени и состојба на посебна сметка на извршител В.М. за ден 16.05.2011, бр.96; Извод за промени и состојба на посебна сметка на извршител В.М. за ден 16.05.2011, бр.85; Извод за промени и состојба на посебна сметка на извршител В.М. за ден 11.05.2011, бр.84; Извод за промени и состојба на посебна сметка на извршител В.М. за ден 17.05.2011 година; Уплатница за уплата од извршител В.М. на извршител В.М. од ден 16.05.2011, на име извршни трошоци по И.бр. 199/11; Уплатница за уплата од извршител В.М. на извршител В.М. од ден 16.05.2011, на име ДДВ за извршни трошоци по И.бр.199/11; Уплатница за уплата од извршител В.М. на извршител В.М. од ден 16.05.2011, на име извршни трошоци по И.бр.199/11; Уплатница за уплата од извршител В.М. на извршител В.М. од ден 16.05.2011, на име ДДВ за извршни трошоци по И.бр.200/11; Записник од извршен вонреден надзор бр.09-1958 од 17.05.2011 година на Министерство за правда на РМ; Мислење на Влада на РМ бр.52-1527/1-10 од 08.02.2011 год.; Извештај на РМ Собрание на РМ бр.10 од 07.03.2011 година; Решение ППНИ бр.344/11 на Претседател на Основен суд Скопје 2 Скопје од 25.05.2011 година; Жалба од доверители преку адвокат М. И. Б. од 25.05.2011 против Решение ППНИ. бр.339/11 на Основен суд Скопје 2 Скопје; Предлог за оставинска постапка од Г.М.Ш. преку адвокат М.И.Б. од Скопје; Генерално полномошно

од Г.М.Ш. спрема адвокат Н.Ч.; Негативна наследничка изјава од Г.М.Ш.

Дисциплинската комисија на КИРМ, ценејќи ги сите докази одделно и во целост, заедно со наводите изнесени во Предлогот на Министерот за правда УПП бр.09-1958/4 од 25.05.2011 година, одговорот на извршител В.М. д.б.1048 од 09.06.2011 година, па врз основа на слободно убедување, ја утврди следната фактичка положба: Извршителот В.М. од С., спроведувал извршување врз основа на барање за извршување од доверителот Т.Е. од С. преку полномошник М.И.Б. адвокат од С., засновано на извршна исправа Решение на Основен Суд Скопје 2 Скопје, ВПП. Бр.251/09 и I ВПП. Бр.55/07 од 31.05.2010 год. и Решение ГЖ.бр.5689/10 од 04.03.2011 година на Апелациониот суд во Скопје против должник О.Ѓ.П. С. со кое се бара наплата на парично побарување на име главен долг во износ од 4.238.146,00 денари со камата и процесни трошоци. Извршителот издал Налог за извршување И.бр.199/11 од 05.05.2011 год врз основа на чл.202 од Законот за извршување, кој налогот бил целосно реализиран на ден 13.05.2011 година. Истиот ден 13.05.2011 година, извршителот го примил предлогот за одлагање на извршувањето од должникот кој му бил доставен од судот на одговор. Извршителот на ден ... година, од својата посебна сметка на својата редовна сметка пренел парични средства во износ 120.320,00 денари на име извршни трошоци по предмет И.бр.199/11. Извршителот В.М. врз основа на барање за извршување од доверителот Д. Е. преку полномошник М. И.Б. адвокат од Скопје, засновано на извршна исправа Решение на Основен Суд Скопје 2 Скопје, ВПП. Бр.251/09 и I ВПП. Бр.55/07 од 31.05.2010 год. и Решение ГЖ.бр.5689/10 од 04.03.2011 година на Апелациониот суд во Скопје против должник О.Ѓ.П. Скопје оформил предмет И.бр.200/11 за спроведување на извршување на главен долг во износ од 4.238.146,00 со камата. Извршителот издал Налог за извршување И.бр.200/11 од 05.05.2011 год врз основа на чл.202 од Законот за извршување, кој го доставил до носителот на платен промет, Народна банка на РМ, и на ден 13.05.2011 година носителот на платен промет врз основа на Налогот И.бр.200/11 пренел од средствата на должникот на посебната сметката на извршителот износ од 4.886.581,00 денари, од кои средства извршителот на ден 16.05.2011 година пренел парични средства во износ од 111.488,00 денари на име извршни трошоци по предмет И.бр.200/11. На ден 17.05.2011 година, извршителот примил Решение на Претседателот на Основниот суд Скопје 2 Скопје ППНИ.бр.339/11 од 17.05.2011 година, со кое извршувањето по предметите И.бр.199/11 и И.бр.200/11 се одлага за 60 дена сметано од 17.05.2011 година. Извршителот не распределувал од паричните средства кои се наоѓале на неговата посебна сметка, а кои се врз основа на реализирани предмети И.бр.199/11 и И.бр.200/11, по датумот 17.05.2011 година, наведен во Решението за одлагање како датум од кој се смета одлагањето на извршувањето по предметите И.бр.199/11 и И.бр.200/11.

Дисциплинската комисија при одлучувањето врз основа на Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-1958/4 од 25.05.2011 година на Министерот за правда ги имаше предвид изнесената одбрана на извршителот во писмена форма и усно на записник, и сметаше дека извршителот не сторил дисциплинска повреда по член 54-д став 1 алинеа 2 и член 54-д став 1 алинеа 11 од Законот за извршување, на начин што на ден 16.05.2011 година од својата посебна сметка на својата редовна сметка префрлил сума на име цена на извршни дејствија, цена на администрирање и награда, од причина што извршната исправа била во целост реализирана на ден 13.05.2011 година па извршителот во законски рок и

постапка ги пренел извршните трошоци кои го следуваат на својата посебна сметка. Комисијата утврди и дека извршителот В.М. не сторил дисциплинска повреда што понатаму продолжил да го чува остатокот од средства на својата посебна сметка без да ги распредели на доверителите, односно без да изврши поврат на средствата на должникот, бидејќи извршителот на ден 17.05.2011 година примил Решение на Претседателот на Основниот суд Скопје 2 Скопје ППНИ.бр.339/11, со кое извршувањето по предметите И.бр.199/11 и И.бр.200/11 се одлага за 60 дена, односно извршителот со тоа што не превземал дејствија во насока на распределување на средства за намирување на доверителите, и со тоа што не вршел поврат на истите овие средства на должникот, во целост ја почитувал одлуката на судот за одлагање сметано од 17.05.2011 година.

Дисциплинската комисија, утврди дека извршителот В.М. од Скопје вршејќи ја должноста извршител постапувајќи по предмет И.бр. 199/11, спроведувајќи барање за извршување од доверителот Т.Е. од С., реализирајќи извршна исправа Решение ВПП.бр.251/09 и I ВПП.бр.55/07 од 31.05.2010 година на Основен суд Скопје 2 Скопје и Решение ГЖ.бр.5689/10 од 04.03.2011 година на Апелациониот суд во Скопје, извршителот спровел на име трошоци на постапка износ од 43.180,00 денари кој бил досуден на доверителот Г.М.Ш.1, иако таа не поднела барање за извршување до извршителот, што е спротивно на чл. 2 и чл 27 ст. 1 од Законот за извршување, со кои дејствија извршителот сторил дисциплинска повреда од член 54-д став 1 алинеа 5 од Закон за извршување „при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон".

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се олеснителните околности дека до сега на извршителот не му е изрекувана дисциплинска мерка и неговото примерно држење за време на дисциплинската постапка, а како отежнителни околности тежината на дисциплинската повреда и последиците од истата, па во склоп на истите му ја одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 15.06.2011 година согласно чл. 59-в став 1 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по прием